# Каталог на целите за учење

## Цели за учење за Европски сертификат за бизнис компетенции, EBC*L

## Степен А

- *Бизнис цели и менаџмент показатели*
- *Сметководство*
- *Анализа на трошоци и утврдување на цени*
- *Трговско право*

# Модул 1:
# Бизнис цели и менаџмент показатели

## Општи цели за учење

По завршување на овој модул ќе бидете во состојба да:

- ги објасните најважните цели на претпријатието;
- ги објасните и да ги пресметате показателите кои одговараат на тие цели.

## Детални цели за учење

| Тема | Цел за учење |
|---|---|
| **1. Профитабилност** | 1.1 Да може да се дефинира и објасни поимот „профитабилност" |
| **2. Принос на сопствен капитал (ROE)** | 2.2 Да може да се дефинира и објасни поимот „принос на сопствениот капитал ".<br>3.3 Да може да се пресмета приносот на сопствениот капитал.<br>4.4 Да може да се објасни дали создавањето на профит автоматски значи дека претпријатието е „профитабилно".<br>5.5 Да може да се оцени и класифицира било кој вид на рентабилност на сопствениот капитал остварен во претпријатието. |
| **3. Принос на инвестиции (ROI)** | 6.6 Да може да се дефинира и објасни поимот „принос на инвестиции (*ROI*) ".<br>7.7 Да може да се пресмета приносот на инвестиции.<br>8.8 Да може да се оцени и класифицира било кој вид на принос на инвестиции остварен во претпријатието. |
| **4. Ликвидност** | 9.9 Да може да се дефинира и објасни поимот „ликвидност".<br>10.10 Да може да се дефинира и објасни поимот „ликвидни средства" како и точно да се лоцираат во годишните финансиски извештаи.<br>11.11 Да може да се дефинира и објасни поимот „неликвидност".<br>12.12 Да може да се објасни зошто постигнувањето на доволна ликвидност е цел од централно значење за претпријатието.<br>13.13 Да може да се пресмета готовинскиот коефициент = ликвидност 1 (*cash ratio*).<br>14.14 Да може да се одреди потребната висина готовинскиот коефициент = ликвидност 1 (*cash ratio*) и да се поткрепи тоа со аргументи.<br>15.15 Да може да се пресмета брза ликвидност (*quick ratio*).<br>16.16 Да може да се одреди потребната висина на брза ликвидност(*quick ratio*) и да се поткрепи тоа со аргументи.<br>17.17 Да може да се пресмета показателот на општа тековна ликвидност( *current ratio).*<br>18.18 Да може да се одреди потребната висина на показателот на општа тековна ликвидност( *current ratio)* и да се поткрепи тоа со аргументи.<br>19.19 Да може да се објасни дали е поважна ликвидноста или профитабилноста и зошто е тоа така. |

| | |
|---|---|
| **5. Коефициент на сопствен капитал** | 5.1 Да може да се дефинира и објасни поимот коефициент на сопствен капитал*(equity ratio)*.<br>5.2 Да може да се пресмета коефициент на сопствен капитал *(equity ratio)*. |
| **Коефициент долг/ сопствен капитал (показател на задолженост)** | 5.3Да може да се дефинира и објасни коефициентот на сопствен капитал.<br>5.4 Да може да се пресмета коефициент долг/ сопствен капитал (показател на задолженост).<br>5.5 Да може да се објасни зошто коефициент на сопствен капитал *(equity ratio)* е од централно значење.<br>5.6 Да може да се објаснат фактите кои може да влијаат на кредитниот рејтинг на претпријатието. |
| **6. Готовински тек** | 20.20 Да може да се дефинира и објасни поимот готовински тек *(cash flow)*.<br>21.21 Да може да се пресмета готовински тек (со употреба на расположлива формула) |
| **7. Продуктивност** | 22.22 Да може да се дефинира и објасни поимот продуктивност.<br>23.23 Да може да се објасни зошто постигнувањето висока продуктивност е од централно значење.<br>24.24 Да може да се дефинира и објасни поимот „принос на продажба".<br>25.25 Да може да се пресмета приносот на продажба.<br>26.26 Да може да се објасни зошто приносот на продажба е од централно значење. |

# Модул 2: Сметководство

## Општи цели за учење

По завршување на овој модул ќе бидете во состојба да:

- Читате и разбирате годишни финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на успех) и да извлекувате првични заклучоци;
- Ги објасните најрелевантните термини кои ќе ги најдете во финансиските извештаи.

## Детални цели за учење

| | Тема | | Цел за учење |
|---|---|---|---|
| **1** | **Цели на годишната завршна сметка** | 1.1 | Да може да се објаснат главните цели и намената на финансискиот извештај (биланс на состојба, биланс на успех). |
| | | 1.2 | Да може да се одреди кому се неопходни финансиските извештаи. |
| **2** | **Функција и структура на биланс на состојба** | 2.1 | Да може да се разбере и објасни основната структура на билансот на состојба. |
| | | 2.2 | Да може да се објасни зошто билансот на состојба треба да биде во рамнотежа (вкупните средства мора да бидат еднакви со вкупните извори). |
| **3** | **Средства (Актива)** | 3.1 | Да може да се дефинира поимот „средства”. |
| | | 3.2 | Да може да се дефинира поимот „постојани средства” и да се наведат примери за истите. |
| | | 3.3 | Да може да се дефинира поимот “тековни средства” и да се наведат примери за истите. |
| **4** | **Извори (Пасива)** | 4.1 | Да може да се дефинира поимот „извори”. |
| | | 4.2 | Да може да се дефинира поимот „сопствен капитал” (акционерски капитал и резерви) и да се објасни неговото значење. |
| | | 4.3 | Да може да се дефинира поимот „позајмен капитал” и да се наведат примери за истиот. |
| **5** | **Залихи** | 5.1 | Да може да се објасни целта на создавањето залихи. |
| | | 5.2 | Да може да се наведат и објаснат чекорите на создавање залихи. |
| **6** | **Биланс на успех** | 6.1 | Да може да се објасни намената и да се дефинираат најважните поими на билансот на успех. |
| | | 6.2 | Да може да се дефинираат поимите „расходи” и „приходи”. |
| | | 6.3 | Да може да се дефинира и објасни поимот „приходи од продажба” и да се пресмета оваа ставка. |
| | | 6.4 | Да може да се дефинира и објасни поимот „трошоци на продажба” |
| | | 6.5 | Да може да се објасни разликата помеѓу „приходи од продажба” и „добивка". |
| **7** | **Прилагодувачки книжења *(Accruals)*** | 7.1 | Да може да се објасни зошто годишните финансиски извештаи може да содржат деловни трансакции кои сеуште не довеле до прилив или одлив на средства во деловната година. |

| Тема | Цел за учење |
|---|---|
| **8 Побарувања од должниците и обврски кон доверителите** | 8.1 Да може да се дефинира поимот „должници” и точно да се лоцираат во годишните финансиски извештаи.<br>8.2 Да може да се дефинира поимот „доверители” и точно да се лоцираат во годишните финансиски извештаи . |
| **9 Издвојувања** | 9.1 Да може да дефинира поимот „издвојувања” *(provisions)* и точно да се лоцираат во годишните финансиски извештаи.<br>9.2 Да може да се наведат причините за средување на издвојувањата.<br>9.3 Да може да се објаснат разликите помеѓу „издвојувања” и „доверители”. |
| **10 Резерви** | 10.1 Да може да се дефинира поимот „резерви” и точно да се лоцираат во годишните финансиски извештаи.<br>10.2 Да може да се наведат и објаснат причините за постоење на резерви.<br>10.3 Да може да се објаснат разликите помеѓу „издвојувања” и „резерви”. |
| **11 Амортизација** | 11.1 Да може да се дефинира и објасни поимот „амортизација".<br>11.2 Да може да се пресмета линеарната амортизација.<br>11.3 Да може да се објаснат проблемите при пресметувањето на амортизацијата. |
| **12 Капитални трошоци** | 12.1 Да може да се дефинира и објасни поимот „капитални трошоци”.<br>12.2 Да може да се разликуваат трошоците кои мора да се прикажат во билансот на состојба од оние трошоци кои во целост се внесуваат во билансот на успех.<br>12.3 Да може да се дефинира и објасни поимот „средства со ниска вредност” кои може да бидат директно отпишани.<br>12.4 Да може да се објаснат последиците од трошоците кои мора да бидат капитализирани и трошоците кои може да бидат директно отпишани. |
| **13 Чекори во билансот на успех** | 13.1 Да може да се опише, објасни и анализира билансот на успех во форма на извештај.<br>13.2 Да може да се дефинираат и објаснат користите од биланс на успех во извештајна форма во споредба со биланс на успех во сметководствена форма.<br>13.3 Да може да се дефинира и објасни поимот „оперативна добивка или загуба” / Добивка или загуба пред камата и оданочување/ Заработка пред камата и оданочување.<br>13.4 Да може да се дефинира и објасни поимот „финансиски резултат".<br>13.5 Да може да се дефинира и објасни поимот „добивка или загуба од редовно работење".<br>13.6 Да може да се дефинира и објасни поимот „вонреден резултат.”<br>13.7 Да може да се дефинира и објасни поимот „добивка/загуба пред оданочување” / Заработка пред оданочување / добивка пред оданочување.<br>13.8 Да може да се дефинира и објасни поимот „годишна добивка или загуба”<br>13.9 Да може да се дефинира и објасни поимот „алокација на резерви”. |

| Тема | Цел за учење |
|---|---|
| | 13.10 Да може да се дефинира и објасни поимот „распределива добивка”.<br>13.11 Да може да се одреди оперативната добивка, добивката или загубата од редовно работење, вонредниот деловен резултат, добивката или загубата пред оданочување, годишната добивка или загуба и распределивата добивка користејќи ги расположивите формули. |
| **14 Анализа на биланс на успех** | 14.1 Да може да се објасни како се создава добивка или загуба.<br>14.2 Да може да се објасни како се создава добивка или загуба од редовно работење.<br>14.3 Да може да се објасни како се создава добивка или загуба пред оданочување.<br>14.4 Да може да се опишат и објаснат двете основни можности за користење на годишната добивка. |
| **15 Анализа на финансиски извештаи** | 15.1 Да може да се прочита едноставен финансиски извештај и да се извлечат основни заклучоци од истиот (студија на случај). |

# Модул 3: Анализа на трошоци и утврдување на цени

## Општи цели за учење

По завршување на овој модул ќе бидете во можност да:

- ги објасните најважните цели, задачи и клучна терминологија на анализата на трошоци.
- ги објасните општите фактори за претприемачки одлуки (пазари, клиенти, конкуренција, трошоци за продажба).
- го објасните значењето на стапката на придонес како централен поим во анализата на трошоци, и да ја пресметате.
- ги објасните целите и основната структура на анализата на трошоци и на сметководството на профитни центри, и да ги наведете причините зошто претприемачите мора да водат сметка за трошоците.

## Детални цели за учење

| | Тема | | Цел за учење |
|---|---|---|---|
| 1 | **Задачи на анализата на трошоците** | 1.1 | Да може да се објаснат и дефинираат целите на анализата на трошоци. |
| | | 1.2 | Да може да се објасни разликата помеѓу финансиското сметководство и анализата на трошоците. |
| | | 1.3 | Да може да се објасни зошто бројките од финансиското сметководство мораат да се прилагодат пред да се користат во анализата на трошоците. |
| 2 | **Поими во анализа на трошоци** | 2.1 | Да може да се дефинира и објасни поимот „елементи на трошокот” и да се дадат примери. |
| | | 2.2 | Да може да се дефинира и објасни поимот „трошковен центар” и да се дадат примери. |
| | | 2.3 | Да може да се дефинира и објасни поимот „трошковна единица” и да се дадат примери. |
| | | 2.4 | Да може да се дефинира и објасни поимот „директни трошоци” (исто така наречени: примарни трошоци) и да се дадат примери. |
| | | 2.5 | Да може да се дефинира и објасни поимот „режиски трошоци” (исто така наречени: индиректни трошоци) и да се дадат примери. |
| | | 2.6 | Да може да се дефинира и објасни поимот „фиксни трошоци” и да се дадат примери. |
| | | 2.7 | Да може да се дефинира и објасни поимот „варијабилни трошоци” и да се дадат примери. |
| | | 2.8 | Да може да се објасни основната разлика помеѓу анализата на вкупните трошоци и анализата на директните трошоци. |
| 3 | **Утврдување на цени** | 3.1 | Да може да се објасни кои фактори имаат значително влијание врз цената на производот. |
| | | 3.2 | Да може да се објасни врската помеѓу побарувачката и понудата и концептот на „пазарна цена”. |
| | | 3.3 | Да може да се дефинираат и објаснат различните пазарни форми (монопол, олигопол, совршена конкуренција). |
| | | 3.4 | Да може да се доделат различни ценовни маржи аналогно на одговарачката пазарна форма и тие одлуки да се поткрепат со аргументи. |
| | | 3.5 | Да може да се објаснат различните можни ценовни стратегии. |

| Тема | | Цели за учење |
|---|---|---|
| | | 3.6 Да може да се објасни поимот „намалување на фиксните трошоци" и нивното влијание врз деловната стратегија.<br>3.7 Да може да се дефинира и пресмета стапка на придонеси на производ или продажба.<br>3.8 Да може да се објасни значењето стапка на придонеси за ценовните калкулации.<br>3.9 Да може да се објаснат ефектите на позитивната или негативната стапка на придонеси врз деловниот резултат.<br>3.10 Да може да се објаснат ефектите на капацитетот (целосна искористеност или слободен капацитет) за ценовните калкулации.<br>3.11 Да може да се објасни основната разлика помеѓу краткорочна и долгорочна цена на прагот на рентабилноста.<br>3.12 Да може да се пресмета краткорочната и долгорочната цена на прагот на рентабилноста (за претпријатија кои произведуваат еден производ).<br>3.13 Да може да се објасни поимот „економија од обем". |
| **4** | **Пресметка на трошковен центар** | 4.1 Да може да се објасни намената на сметководството на трошковен центар.<br>4.2 Да може да се објасни намената на образецот за распределба на режиските трошоци и да се изработи неговата основна шема.<br>4.3 Да може да се пресметаат трошоците за трошковен центар.<br>4.4 Да може да се објасни намената на распределбата на трошоците на интерните и заедничките служби. |
| **5** | **Пресметка на профитен центар** | 5.1 Да може да се објасни намената и основната структура на сметководство на профитен центар.<br>5.2 Да може да се прсмета придонесот на профитен центар.<br>5.3 Да може да се објасни зошто позитивниот „придонес" на профитен центар не може да се изедначи со „добивка".<br>5.4 Да може да се објаснат основните мерки за подобрување на придонесот на профитен центар. |

# Модул 4: Трговско право

## Општи цели за учење

По завршување на овој модул ќе бидете во можност да:

- ги објасните карактеристиките, предностите и недостатоците на основните правни форми на деловна организација;
- ги објасните главните карактеристики на продажен договор;
- ги објасните основите на Законот за стечај, несолвентност.

## Детални цели за учење

| | Тема | | Цел за учење |
|---|---|---|---|
| 1 | **Правни форми на деловни организации** | 1.1 | Да може да се објасни зошто постојат различни правни форми на деловната организација. |
| | | 1.2 | Да може да се наведе главната разлика помеѓу партнерствата и трговските друштва и да се класифицираат индивидуалните форми на деловната организација. |
| | | 1.3 | Да може да се дефинира и објасни што значи поимот „лична неограничена одговорност". |
| | | 1.4 | Да може да се дефинира и објасни што значи поимот „заедничка и солидарна одговорност". |
| | | 1.5 | Да може да се објасни што значи поимот „ограничена одговорност”. |
| | | 1.6 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на трговец поединец. |
| | | 1.7 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на неограничено партнерство. |
| | | 1.8 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на командитно друштво. |
| | | 1.9 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на друштво со ограничена одговорност на едно лице (дооел) / друштво со ограничена одговорност |
| | | 1.10 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на јавно акционерско друштво. |
| | | 1.11 | Да може да се објаснат поимите „акција” и „акционер”. |
| | | 1.12 | Да може да се објасни поимот „номинална вредност на акција”. |
| | | 1.13 | Да може да се објасни поимот „цена на акција” (пазарна вредност). |
| | | 1.14 | Да може да се објасни поимот „дивиденда”. |
| | | 1.15 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на „таен содружник”. |
| | | 1.16 | Да може да се наведат и објаснат главните карактеристики, предности и недостатоци на асоцијација на граѓанско право (партнерство под граѓански код). |

| | Тема | | Цел за учење |
|---|---|---|---|
| **2** | **Договор за продажба** | 2.1 | Да може да се наведат и објаснат суштествените членови на договорот. |
| | | 2.2 | Да може да се наведат критериумите кои ги обврзуваат потписниците. |
| | | 2.3 | Да може да се објасни потребата за проверка на надлежноста на потписникот. |
| | | 2.4 | Да може да се наведат главните карактеристики на „трговскиот регистар” (регистар на компании) и да се објаснат другите битни информации поврзани со деловните организации. |
| **3** | **Различни видови на здружувања на фирми** | 3.1 | Да може да се опише и објасни поимот „група на претпријатија”. |
| | | 3.2 | Да може да се опише и објасни поимот „картел” („труст”). |
| **4** | **Закон за стечај, несолвентност** | 4.1 | Да може да се објасни поимот „несолвентност” |
| | | 4.2 | Да може да се наведат и објаснат најважните причини за несолвентност. |
| | | 4.3 | Да може да се објаснат поимите „вонсудска спогодба, „спојување пред стечај” и „стечај”. |